Информација од UIAA

## ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ ЗА КУПУВАЧИТЕ: ОПАСНОСТИ ПРИ КУПУВАЊЕТО НА ДЕРЕЗИ ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ



Британскиот планинарски совет (BMC – British Mountaineering Council, https://www.thebmc.co.uk/dangerous-crampons-online ) предупредува за опасните дерези кои се продаваат преку интернет. Во предупредувањето пишува:

**Опремувањето за посета на планините во зима е скапо, имајќи ги во предвид цените на чизмите, цепините и дерезите. Затоа може да изгледа многу привлечна заштедата на пари ако купувате поевтина опрема преку Интернет. Но, внимавајте, тоа долгорочно може да ве чини многу повеќе отколку еден пар дерези.**

Во неколку извештаи пишува дека има случаи кога евтини дерези купени преку интернет се виткаат и искривуваат во текот на првиот ден на употреба. Овие дерези се продаваат преку многу позната интернет страна за тргување. Дерезите се многу слични на дерези од многу познат и респектабилен европски производител, но во ниту еден дел не се споредливи со вистинскиот пар дерези.

Дерезите кои се продаваат во ЕУ треба да подлежат на регулативата EN 893, која ги одредува минималните стандарди за јачината на врзивните точки и рамките.

Вистинските дерези се обележани со ознаката CE, со името на производителот и со годината на производство. Дополнително со дерезите има и упатство со детали за местењето и ракувањето со нив.

Имитираните дерези кои се продаваат преку интернет не се во согласност со овие стандарди и го доведуваат во опасност секој кој им ја доверува својата безбедност додека е на планина. Ако сте купиле пар од имитираните дерези, контактирајте ја локалната канцеларија за трговски стандарди.

Иако е можно да се купат регуларни дерези преку интернет, особено ако претходно сте ги користеле истите дерези на своите чизми, немате гаранција дека купените дерези соодветно ќе одговараат на чизмите. Секогаш препорачуваме да купувате дерези така што ќе ги носите вашите чизми со вас и пред да ги купите, да пробате дали дерезите одговараат на чизмите.

Дополнителна информација: истражувањето на BMC покажа дека на интернет се продаваат дерези кои личат на дерезите на Petzl. Ова се досега пронајдените линкови со имитирани дерези:

http://tinyurl.com/nfngqc3

http://tinyurl.com/kf3whgf

http://tinyurl.com/k7uj69r